**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Мики Лазаров**
**именуван за подрачјето**
**на Основниот суд**
**Велес, Гевгелија, Кавадарци и Неготино**
**ул.Солунска бр.4**
**тел. 043/210-535**

**Образец бр.66**

**И.бр. 419/2024**

Извршителот Мики Лазаров од Велес, ул.Солунска бр.4 врз основа на барањето за спроведување извршување од доверителот-Предлагач Даница Јолдашева од Велес со живеалиште на Ул.Гроз Кочова бр.9/1/14 преку полномошник Адвокат Борче Стојанов, засновано на извршната испра В.П.П.1 бр.6/2023 од 28.02.2024 година на Основен суд Велес, против законските наследници претходникот-должникот Тоше Теовски бивш од Велес, прогласени со Решение О бр.12/25, УДР бр.2/ на Нотар Гоце Ѓуракоски од 06.03.2025 година, сопругата Славица Теовска со живеалиште Ул.Грозда Кочова бр.1-1 Велес, и малолетните деца Емануела Теовски од Велес и Кристијан Теовс од Велес, застапувани од страна на Старател во посебен случај Стефан Кимовски, определен Решение број.1002-9145/6 од 11.11.2025 година од Јавна Установа Меѓуопштински центар за социјал работи-Велес, за спроведување на извршување во вредност 1.435.848,00 денари на ден 31.12..20 година го донесува следниот:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како:

-К.П.17662, дел 0,адреса Ул. Грозда Кочова бр.1/1-9,број на зграда/друг објект 1,намена на згра превземена при конверзија на податоците од стариот ел.систем А2-1,влез 1,кат К2, број 9, намена посебен/заеднички дел од зграда СТ,со внатрешна површина од 41м2 со право на сосопственост

- К.П.17662, дел 0,адреса Ул Грозда Кочова бр.1/1-9,број на зграда 1,намена на зграда превземена конверзија на податоците од стариот ел.систем А2-1,влез 1,кат ПО, број 9, намена посебен/заеднички дел од зграда П,со внатрешна површина од 6м2 со право на сосопственост

И за недвижноста попишана со записник по член 239-а, став 1, од З.И. од 18.12.2025 годи И.бр.419/2024 година, согласно Геодетскиот елаборат за идентификација на недвижност со делово број 0808-188/3 од 10.12.2025 година од **Друштво за истражување, инженеринг и проце ГЕОАПРОУЗЛ ДООЕЛ Скопје и тоа: тераса од 4м2 и тераса од 3м2 во состав на КП 17662 во обј 1**

**Запишани во имотен лист број 16806 за КО Велес, 3/6 идеален дел ( дел на недвижност ) сосопственост на доверителот-предлагачот Даница Јолдашева, 1/6 идеален дел ( дел недвижност ) во сосопственост на законскиот наследник Славица Теовска, 1/6 идеален дел ( д на недвижност ) во сосопственост на законскиот наследник Кристијан Теовски и 1/6 идеален д ( дел на недвижност ) во сосопственост на законскиот наследник Емануела Теовска.**

Продажбата ќе се одржи на ден 23.01.2026 година година во 13:00 часот во просториите на Извршител Мики Лазаров.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот Мики Лазаров изнесува 2.107.316,00 денари, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености- прибелешка од Извршител Мики Лазаров И.бр.419/2024 година. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува туку и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста најдоцна до 22.01.2026 година.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 250100402016121 која се води кај Шпаркасе банка АД Скопје и даночен број 5004017508885

Даночните обврски по основ на продажба паѓаат на товар на купувачот.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 8 ( осум ) дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Дневен весник Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Мики Лазаров

Д.-на: доверител
Законски наследник
Старател за посебен случај
Општина Велес - Сектор за финансии
Одделение за наплата на даноци, такси и други надоместоци
Управа за јавни приходи

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ИЗВРШИТЕЛ МИКИ ЛАЗАРОВ
ВЕЛЕС

31.12.2025

X

Signed by: Miki Lazarov

**Правна поука:** Против овој налог може да се поднесе приговор до Основниот суд Велес согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.